**ОПШТИНА РЕСЕН**

Република Македонија
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. 04-1883/1
12.08. 2016 год.

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Општина Ресен, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2016, Програмата Општинско – корисна работа, Општина Ресен и Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 12.08.2016 година објавуваат:

# Ј А В Е Н  О Г Л А С
## до
## евидентирани невработени лица за вклучување во Програмата Општинско - корисна работа

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект " **Продолжување на локални сервисни услуги за лицата со посебни потреби – лица со телесен инвалидитет и комбинирани пречки**" за работно ангажирање со скратено работно време за период од 6 (шест) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Ресен.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 6 (шест) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 6.200,00 денари, што вклучува персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

- самохрани родители
- невработени лица, евидентирани во АВРМ најмалку 1 година
- млади невработени лица, евидентирани во АВРМ најмалку 6 месеци
- родители на деца со пречки во развојот
- родители на три или повеќе деца

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

1. **Испорачувач на сервисни услуги на лица со инвалидитет во домашни услови и надвор од домот – 4(четири) лица**

<u>**Општи и посебни услови:**</u>

- Средна стручна спрема
- Да е активен баратерл на работа
- Способност за работа со лица со инвалидитет
- Способност за тимска работа
- Комуникациски способности
- Организираност и самоиницијативност
- Со или без работно искуство во струката

**2. Физиотерапевт – 2(две) лица**

**Општи и посебни услови:**

- Вишо стручно образование VА/ Високо стручно образование VIБ- да е од областа на медицината , дипломиран Физиотерапевт
- Да е активен барател на работа
- Способност за тимска работа
- Комуникациски способности
- Организираност и самоиницијативност
- Со или без работно искуство во струката

3. **Психолог - 1(едно) лице**

**Општи и посебни услови:**

- Високо стручно образование VIА – Филозофски факултет – дипломиран Психолог
- Да е активен барател на работа
- Способност за тимска работа
- Комуникациски способности
- Организираност и самоиницијативност
- Со или без работно искуство во струката

**4. Правно административен советник – 1 (едно) лице**

**Општи и посебни услови:**

- Високо стручно образование VIА/VIБ – Правен факултет – дипломиран Правник
- Да е активен барател на работа
- Способност за тимска работа
- Комуникациски способности
- Организираност и самоиницијативност
- Со или без работно искуство во струката

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да подигнат и поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Ресен во периодот од 12.08.2016 година до 19.08.2016 година.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу Општина Ресен и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во Општина Ресен кај лицето Татјана Секулоска, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа“, Агенција за вработување- Центар за вработување Ресен кај лицето Зоран Костовски, Центар за социјлна работа- Ресен кај лицето Весна Стојчевска.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН